Секшор за истраж.-ол.

**СПОДЕЛИ ДОЖИВУВАЊА**

**МАКЕДОНСКИ ТЕЛЕКОМ АД - СКОПЈЕ**
Адреса: „Кеј 13-ти Ноември“ број 6, 1000 Скопје, Р. Македонија

МАКЕДОНСКИ ТЕЛЕКОМ
Акционерско друштво за
електронски комуникации-Скопје
4
Број 10-32487/1
Дата 17-12-2015

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ
Примено: 21.12.2015

| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
|---|---|---|---|
| 01 | 7085 | 1 | |

до

Г-дин Зоран Трајчевски, Директор
Палата Панко Брашнаров
ул. „Македонија“ бр.38
1000 Скопје

Во акта - Арх. знак
Рок на чување год.
____20___г.
Скопје

Предмет: Коментари на Нацрт Програмата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2016 година

Почитувани,

Ви благодариме за укажаната можност за коментар на Нацрт Програмата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2016 година (понатаму: Нацрт Програма). Во насока на унапредување на подзаконските решенија и активностите во врска со реемитувањето на програмските сервиси како и обезбедувањето на нелинераните услуги, би сакале да ги дадеме следните коментари.

Во Нацрт Програмата, во делот на регистрација на услугите на барање односно нелинераните услуги е наведено дека за истите се поднесува пријава како што е предвидено за линеарните услуги што е во спротивност со сегашното решение нелинераните услуги само да се нотифицираат. Сметаме дека е доволна само нотификација на истите од причина што ваквата пракса е востановена и во останатите земји.

Исто така сметаме дека Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во Нацрт Програмата треба да предвиди измени на постојниот Правилник за регистрација во насока на олеснување на целокупниот процес на регистрација на програмските пакети и да го имплементира електронскиот начин на комуникација помеѓу Агенцијата и операторите кои вршат реемитување на програмските сервиси.

Во врска со планираниот надзор над субјектите согласно надлежностите на Агенцијата, се залагаме за рамноправен третман на сите субјекти односно вршење редовен надзор на сите оператори кои вршат реемитување на програмски сервиси вклучително и помалите оператори. Во однос на надзорот, би сакале да укажеме, по извршениот надзор од страна на Агенцијата врз релевантниот субјект, Агенцијата да изготви и да го достави до субјектите на надзорот без оглед на наодите во истиот. Ова од причина што досега, субјектот на надзорот не добива повратна информација доколку при надзорот не се најдени неправилности во работењето на субјектот односно не е утврдена повреда на законските и подзаконските прописи, а истата е битна за понатамошното работење.

Сметаме дека зајакнувањето на соработката на Агенцијата со другите надлежни органи ќе овозможи правилна и успешна наплата на законски предвидените надоместоци кои сите операторите што реемитуваат програмски сервиси треба да ги плаќаат на Агенцијата. Соработката на Агенцијата со други надлежни органи ќе доведе до утврдување на точните параметри врз основа на кои се пресметува годишниот надоместок, а со тоа и реално пресметување на надоместоците и рамноправен третман на сите учесници на пазарот.

Се надеваме дека нашите коментари ќе бидат земени предвид при донесувањето на финалниот текст на Програмата на Нацрт Програмата и соодветно ќе бидат имплементирани.

Со почит,

Директор на Сектор за регулативни и големопродажни прашања,

Слободанка Гиевска

___________________

МАКЕДОНСКИ ТЕЛЕКОМ
Акционерско друштво за
електронски комуникации-Скопје
Кеј 13-ти Ноември 6
1000 Скопје